Службен гласник на Општина Делчево

Број 16
01.10.2026 година

Излегува по потреба

Уредува

Одделение за правни и општи работи

октомври, 2026

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 01.10.2026 година, донесе

РЕШЕНИЕ
за објавување на актите од 18. Седница
на Советот на Општина Делчево
I

Да се објават во „Службен гласник на Општина Делчево“ актите донесени на 18. Седница одржана на **01.10.2025** година:

1. **Одлука за верификација на мандат за член на Советот на Општина Делчево.**

2. **Одлука за давање согласност за примање донација-патничко моторно возило.**

3. **Одлука за ослободување од партиципација на деца Роми на возраст од 3 до 6 години за престој во детските градинки што се во социјален ризик за учебната 2026/2027 година.**

4. **Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на месните и урбаните заедници на територијата на Општина Делчево за 2026 година.**

5. **Мислење за основање Урбана заедница „Пролет“.**

6. **Одлука за одобрување финансиски средства по Барање 21-2968/1 од 04.09.2026**

7. **Одлука за согласност на Измената на Годишниот план за вработување на Јавната локална библиотека „Илинден“ Делчево за 2026 г.**

8. **Одлука за усвојување на Наративен и финансиски Извештај за манифестацијата „Делчевско културно лето 2026“ од Здружение за култура и уметност „Креатива плус“ Струмица.**

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 08- 3265 /1
01.10.2026 год.
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,
Иван Гоцевски

1. Врз основа на член 155 и член од Изборниот законик (Пречистен текст 2025)„Службен весник на Република Македонија“, број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17,125/17,35/18, 99/18,140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“, број 98/19, 42/20, 74/21 и 215/21) и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/2002), Известувањето на Општинската изборна комисија –Делчево бр.09-3002/2 од 09.09.2026 година и Уверението на Општинската изборна комисија бр.11-5/1 од 22.09.2026 година, Советот на Општина Делчево на својата 18. Седница, одржана на ден 30.09. 2026 година, донесе

ОДЛУКА
за верификација на мандат
на член на Советот на Општина Делчево

Член 1

На **Моника Стојановска**, од Коалицијата за Локалните избори 2025 предводена од СДСМ, ѝ се верифицира мандатот на член на Советот на Општина Делчево, за остатокот од мандатот на Советот.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 3250/1
30.09. 2026 година
Д е л ч е в о

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Николчо Стојменовски

2. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 22 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019, 1/2021 и 9/26), а во врска со член 6 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” Бр. 61/2004, 96/2004, 22/2007, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/2015, и 209/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21,173/2022, 170/2024 и 37/2025) и член 6 став 1 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности („Сл. весник на РМ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), Советот на Општина Делчево на својата 18 Седница одржана на ден 30.09.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за давање согласност за примање донација – патничко моторно возило

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Делчево дава согласност за примање на донација на движна ствар – патничко моторно возило, од давателот на донацијата Васил Хабор со адреса „За Черним мостем“ 1519, 198 00, Прага - Кије, Чешка Република, како сопственик на моторното возило, за потребите на Општина Делчево - ТППЕ Делчево.

Член 2

Предмет на донацијата е следното моторно возило:
Марка: ŠKODA, 3U, STAVBX01, FM5
Модел/трговска ознака: SUPERB
Вид на возило: патничко моторно возило
Идентификациски број на возилото: TMBS23U559082588
Работна зафатнина: 1.896 cm³
Моќност: 74 kW
Гориво: дизел

Член 3

Возилото од член 2 на оваа Одлука се прима како донација во сопственост на Општина Делчево и ќе се евидентира во имотната евиденција на Општината согласно со важечките прописи.

Член 4

Се овластува Градоначалникот на Општина Делчево да склучи договор за донација со давателот на донацијата со кој ќе се уредат правата и обврските на договорните страни, начинот на примопредавање на возилото, начинот на користење, како и други прашања од значење за реализација на донацијата.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Член 6

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за давање согласност за примање на донација – патничко моторно возило бр.09-3013/1 од 10.09.2026 година.

Бр. 09 – 3251/1
30.09.2026 година
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател
Николчо Стојменовски

3. Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 22 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ бр.1/2013,2/2019 и 1/2021), а во врска со Договор за соработка за поддршка на проектот „Инклузија на деца Роми во јавните општински установи –детски градинки“ во Република Северна Македонија со наш архивски број 08-3067/1 од 14 септември, 2026 година и Нацрт –записникот од Двесте и четтвртата седница на Владата на Република Северна Македонија бр. 57-

5240/7 одржана на 19 август 2026 година, Советот на Општина Делчево на својата 18. Седница одржана на ден 30.09. 2026 година, донесе

ОДЛУКА
за ослободување од партиципација на деца Роми на возраст од 3-6 години за престој во детските градинки што се во социјален ризик за учебната 2026/2027 година

Член 1

Советот на Општина Делчево донесува Одлука за ослободување од партципација на деца Роми на возраст од три до шест години коишто се во социјален ризик за учебната 2026/2027 година во ОЈУДГ „Весели цветови“ Делчево.

Член 2

Ослободувањето од партиципација се однесува на петнаесет (15) деца Роми и трошоците за престој на децата во ОЈУДГ „Весели цветови“ ќе бидат покриени од блок-дотацијата што ја добива Општина Делчево од Министерството за социјална политика,демографија и млади на Република Северна Македонија.

Член 3

За извршување на оваа Одлука се задолжува Секторот за финасиски прашања, Одделение за буџетска контрола, сметководство и администрирање со даноци при Општина Делчево.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 3252/1
30.09.2026 година
Делчево

Совет на Општина Делчево
Претседател
Николчо Стојменовски

4. Врз основа на член 22, став 1, точка 13 и член 36, став 1 , точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), Советот на Општина Делчево на својата 18 Седница одржана на ден 30.09.2026 година, ја донесе следната:

Програма за измена и дополнување на Програмата
за активностите на месните и урбаните заедници на територијата на
Општина Делчево за 2026 година

Член 1

Во Програмата за активностите на месните и урбаните заедници на територијата на Општина Делчево за 2026 година на Советот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ бр.3/2026), во точка 5.2. Дополнителни активности, се додава нова точка која гласи:

Со цел зачувување, заштита, одржување и рационално користење на недвижниот

имот во сопственост на Општина Делчево, како и обезбедување простор за реализирање на активности од непосреден интерес на локалното население, се предвидува ставање во функција на објектите во кои се наоѓале подрачните училишта во село Габрово, село Звегор, село Стамер и село Вирче.

Поради времен престанок со работа овие објекти сопственост на Општина Делчево кои до сега се користеа за воспитно-образовни цели, ќе се определат за користење за потребите на жителите на соодветните населени места за одржување состаноци, собири и други активности од локално значење, како и за културни, општествени, информативни, едукативни и други активности од интерес на жителите на населените места.

Користењето на објектите ќе се организира преку месните заедници како форми на месна самоуправа, согласно Законот за локална самоуправа и Статутот на Општина Делчево. Со определувањето на објектите за користење од стана на месните заедници не се пренесува правото на сопственост, ниту друго стварно право врз објектите. Објектите останууваат во сопственост на Општина Делчево.

За одржување и начинот на организирање на користењето на објектите, задолжени ќе биде преседателите и советите на месните заедници.

Член 2

Оваа Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на месните и урбаните заедници на територијата на Општина Делчево за 2026 година влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Бр. 09 – 3253/1
30.09 2026 година
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател
Николчо Стојменовски

5. Врз основа на член 26 став 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 136 став 2 од Статутот на Општина Делчево-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Делчево“ број 11/2026), а во согласност со Мислење од Градоначалникот на Општината со архивски број 09-1178/3 од 24.04.2026 година, Советот на Општина Делчево на својата 18 Седница одржана на ден 30.09. 2026 година, донесе

МИСЛЕЊЕ
за основање на Урбана заедница ПРОЛЕТ

1. Советот на Општина Делчево ја разгледа Иницијативата поднесена од група граѓани за основање на Урбана заедница ПРОЛЕТ и оцени дека се исполнети условите и потребите за основање облик на урбана заедница.

2. Оваа Мислење влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09-3254/1
30.09 2026 година
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател
Николчо Стојменовски

6. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002) и Барање бр.21-2968/1 од 04.09.2026 година, Советот на Општина Делчево на својата 18. Седница, одржана на ден 30.09.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување финансиски средства по барање
21-2968/1 од 04.09.2026

Член 1

*Се одобруваат финансиски средства во износ од 10.000 денари по Барање бр.*21-2968/1 од 04.09.2026

Член 2

Средствата ќе бидат наменети за издавање и промоција на книга „НИНЏУЦУ“.

Член 3

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на Општината за 2026 година на име **Марјан Анастасовски, н**а трансакциска сметка 200003420051503, Стопанска банка, АД Скопје.

Член 4

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе Одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Бр. 09 – 3255/1
30.09. 2026 година
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Николчо Стојменовски

7. Врз основа на член 36 став 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 84/2020 и 202/2024), член 20-а и 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ“ 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Сл.весник на РСМ“ бр.143/2019 , 14/2020, 215/2021 , 99/2022, 208/24 и 210/24), а согласно со член 32 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 ,99/22, 208/24 и 24/24), Советот на Општина Делчево на 18 Седница, одржана на ден 30.09.2026 година, донесе

О Д Л У К А

за согласност на Измената на Годишниот план за вработување на Јавната локална библиотека „ИЛИНДЕН“ Делчево за 2026 година

Член 1

Советот на Општина Делчево, дава согласност на Измената на Годишниот план за вработување на **Јавната локална библиотека „ИЛИНДЕН“ Делчево** за 2026 година, архивски број. 08-24/5 од 24.09.2026 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Број 09- 3256/1
30. 09.2026 година
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател
Николчо Стојменовски

8. Врз основа на член 22, став 1, точка 5 и член 24, став 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), член 5 од Одлуката за делегирање на надлежностите на Општина Делчево за организирање и реализирање на културната манифестација „Делчевско лето 2026 година“ по Програмата за култура на Општина Делчево за 2026 година на правно лице („Службен гласник на Општина Делчево“ бр.11/26), Советот на Општина Делчево на својата 18 Седница одржана на ден 30.09.2026 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА

за усвојување на наративен и финансиски извештај за манифестација „Делчевско лето 2026 година“

Член 1

Советот на Општина Делчево го усвои наративниот и финансиски извештај за манифестација „Делчевско лето 2026 година“ заведен под наш арх. 09-3198/1 од 25.09.2026 година, поднесен од Здружението за култура и уметност КРЕАТИВА ПЛУС Струмица.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осум дена од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Бр. 09 – 3257/1
30.09.2026 година
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател
Николчо Стојменовски